Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJEN INDUSTRIALE DHE MENAXHIM ME RREZIQE

Арх.бр. 11-4773/2
Дата. 10-10-2019

Врз основа на член 119 став (1) од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 39/16,28/18,65/18 и 99/18) министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

## Р Е Ш Е Н И Е

За одземање на А – Дозвола за усогласување со оперативен план, на операторот Д.П.Г.П.У ПРОТОТИП ДООЕЛ Скопје-подружница ПРОТОТИП ЦИНКАРНА ДООЕЛ Кичево

1. А- Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-547/3 од 20.02.201 година, на операторот Д.П.Г.П.У ПРОТОТИП ДООЕЛ Скопје-подружница ПРОТОТИП ЦИНКАРНА ДООЕЛ Кичево, **СЕ ОДЗЕМА.**

### Образложение

Правниот субјект Друштво за производство, градежништво, промет и услуги ПРОТОТИП ДООЕЛ Скопје-подружница ПРОТОТИП ЦИНКАРНА ДООЕЛ Кичево е носител на А-Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-547/3, добиена на ден 20.02.2014 година.

Правниот субјект ДПГПУ ПРОТОТИП ДООЕЛ Скопје-подружница ПРОТОТИП ЦИНКАРНА ДООЕЛ Кичево во определен рок не ги реализирал активностите од оперативниот план, и не е оперативна веке подолг период за својата основна дејност цинковање за која има и добиено А-ДУОП. Дополнително од страна на Државен инспекторат за животна средина, при спроведен вонреден инспекциски


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJEN INDUSTRIALE DHE MENAXHIM ME RREZIQE

надзор на ден 06.06.2019 година, од инспекторот е констатирана фактичка состојба на инсталацијата, односно:

-Од 2014 година погонот за цинковање не е во функција,

-Дополнително не се вршат никакви активности во однос на инсталирање на нова када за производствени потреби (старата када е демонтирана со цел инсталирање на нова),

-Котларата и мазутарата не се ставени во функција неколку години наназад,

Со оглед на тоа што од страна на операторот ДПГПУ ПРОТОТИП ДООЕЛ Скопје-подружница ПРОТОТИП ЦИНКАРНА ДООЕЛ Кичево :

-активноста не ја врши во обем и во време утврдено во А-ДУОП;

Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со член 119 став (1) од Законот за животна средина одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Упатство за правното средство:** Против ова решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението таксирана во износ од од 250 денари, административна такса во готови пари на уплатата сметка 840 ххх 031 61 во рамките на трезорската сметка.

МИНИСТЕР
**Naser Nuredini**

Изготвил:
Ѓорги Филиповски
Контролирал:
Fatos Balliu
Одобрил:
Nazim Aliti

Согласен: Директор на управа за животна средина
**Xhezmi Saliu**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk